Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 02/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

1. За Раководител на Одделение за сметководствени работи во Фондот за здравствено осигурување на Македонија со шифра на работно место ФЗО0102Б02003 – 1 извршител, се избра СЛАВИЦА КОСТОВСКА.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 04-11377/1 од 03.08.2018 година, Директорот на Фондот до Секторот за управување со човечки ресурси упати барање број 04-14326/1 од 05.10.2018 година, за објавување на Интерен оглас за унапредување на еден административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Секторот за управување со човечки ресурси на 09.10.2018 година објави Интерен оглас број 02/2018 година на веб стрницата на ФЗОМ и Агенцијата за администрација, за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија на работно место Раководител на Одделение за сметководствени работи.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од точка 1 на оваа одлука Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на директорот со Решение бр.04-14820/1 од 16.10.2018 година, направи административна селекција и одржа интервју со кандидатот кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04-13101/5 од 18.10.2018 година за Интерен оглас број 02/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, Записник за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас број 02/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, број



[1] 04-15162/1 [2018]

04-13101/6 од 19.10.2018 година и изготви Финанлна ранг листа на интервјуираниот кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за Интерен оглас број 02/2018 за унапредување. Врз основа на ранг листата, директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот административен службеник од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДИРЕКТОР,**
**Данаил Дончев**

**ДИРЕКТОР,**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

Доставено до:

- Кандидат
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Архива